Врз основа на член 8 став (7) и член 14 став (4) од Законот за финансиски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/2010 и 169/2010), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК

## за содржината и формата на обрасците на барањето за добивање дозвола за основање и работа на финансиско друштво и дозвола за статусни промени

### Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината и формата на образецот на барањето за издавање дозвола за основање и работа на финансиско друштво и за издавање дозвола за статусни промени на финансиско друштво.

### Член 2

Барањето за издавање дозвола за основање и работа на финансиско друштво се поднесува на образец, даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Барањето од ставот 1 на овој член ги содржи следниве податоци:

1) Име и презиме на физичките лица, односно назив на правните лица кои имаат намера да основаат финансиско друштво и нивното учество во основната главнина;
2) Предлог назив на финансиското друштво;
3) Предложено седиште на финансиското друштво;
4) Предложена основна главнина на финансиското друштво;
5) Податоци за овластено лице за контакт со Министерството за финансии:
    - име и презиме;
    - телефонски број и факс;
    - електронска пошта и
    - адреса и број на лична карта, односно пасош (за странско лице);
6) Место и датум на поднесување на барањето и
7) Потпис на подносителот на барањето.

Овластеното лице кон барањето приложува заверено полномошно од лицето кое има намера да основа финансиско друштво и копија од лична карта, односно од пасош за странско лице.

### Член 3

Барањето за издавање дозвола за статусна промена присоединување, спојување или поделба на финансиски друштво се поднесува на образец даден во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Барањето од ставот 1 на овој член ги содржи следниве податоци:

1) Назив и седиште на финансиските друштва што се присоединуваат, спојуваат или делат;

2) Единствен матичен број на субјектите – ЕМБС;
3) Предлог назив на новото финансиско друштво;
4) Предложено седиште на новото финансиско друштво;
5) Предложена основна главнина на новото финансиско друштво;
6) Име и презиме на предложениот член на органот на управување на новото финансиско друштво;
7) Податоци за овластено лице за контакт со Министерството за финансии:
   - име и презиме;
   - телефонски број и факс и
   - електронска пошта;
8) Место и датум на поднесување на барањето и
9) Потпис на одговорните лица на финансиските друштва што се присоединуваат, спојуваат или делат.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на негово објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.12-
17 февруари 2011 година
Скопје

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
м-р Зоран Ставрески

ПРИЛОГ 1

Барање за издавање дозвола за основање и работа
на финансиско друштво

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Име и презиме, односно назив на лицата кои имаат намера да основаат финансиско друштво | |
| 2 | Предложен назив на финансиско друштво | |
| 3 | Предложено седиште на финансиското друштво ( улица и број, град ) | |
| 4 | Предложена основна главнина на финансиското друштво | |
| 5 | Учество во основната главнина (во апсолутен износ и во проценти) | |
| 5 | Овластено лице за контакт | |
| 5.1 | Телефон и факс | |
| 5.2 | Електронска пошта | |
| 5.3 | Адреса и број на лична карта, односно пасош ( за странско лице) | |

Место и датум Потпис на подносителот на барањето

_______________________________ _________________________________________________

ПРИЛОГ 2

Барање за издавање дозвола за статусна промена присоединување, спојување или поделба на финансиско друштво

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Назив на финансиските друштва што се присоединуваат, спојуваат или делат | |
| 2 | Седиште на финансиските друштва што се присоединуваат, спојуваат или делат | |
| 3 | Единствен матичен број на субјектите - ЕМБС | |
| 4 | Предлог назив на новото/новите финансиско друштво | |
| 5 | Предлог седиште на новото/новите финансиско друштво | |
| 6 | Основна главнина на новото/новите финансиско друштво | |
| 7 | Име и презиме на предложените членови на органот на управување | |
| 8 | Овластено лице за контакт | |
| 8.1 | Телефон и факс | |
| 8.2 | Електронска пошта | |

Место и датум м.п Потпис на одговорните лица на

финансиските друштва

______________________________ ________________________________________

________________________________________